Р.бр.130/2017

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на совет, Мирјана Радевска Стефкова и Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - членови на советот, во правната работа по поведена претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над должникот Друштво Ф.И. АД од К., по предлог од С. банка АД С., К. Банка АД С. и С.Р. Банка АД С., одлучувајќи по предлогот на должникот, за определување на друг стварно надлежен суд, на седница одржана на ден 15.11.2017 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот поднесен од Друштвото Ф.И. АД К., за определување на друг стварно надлежен суд, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

Основниот суд Велес останува да биде месно и стварно надлежен суд во постапката заведена под СТ.бр.111/17, за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над должникот Друштво Ф.И. АД К., со седиште во населено место без уличен систем с.В. К..

## О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Македонија, поднесен е предлог од Друштвото Ф.И. АД К., со седиште во населено место без уличен систем с.В. К., за определување на друг стварно надлежен суд да постапува по предметот СТ.бр.111/17 на Основен суд Велес, заведен по повод предлог од предлагачите - доверители С. банка АД С., К. Банка АД С. и С.Р. Банка АД С. за испитување на условите за отварање стечајна постапка над должникот. Како причина за поднесениот предлог се наведува фактот што седиштето на предлагачите - доверители е во С. и дека определениот стечаен управник е од Г., за кои околности смета дека претставуваат доволна причина Врховниот суд на Република Македонија предлогот да го усвои и да го определи Основниот суд Скопје II Скопје за стварно и месно надлежен суд за водење на постапката по предметот СТ.бр.111/17 на Основниот суд Велес. Според предлагачот, доколку предлогот се усвои значително ќе се олесни текот на постапката.

Врховниот суд на Република Македонија одлучувајќи по предлогот, најде:

Предлогот е неоснован.

Согласно член 61 од Законот за парнична постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 79/05), Врховниот суд на Република Македонија може по предлог од странката  или од надлежниот суд да определи  во одделен предмет да постапува друг стварно надлежен суд, ако е очигледно дека така полесно ќе се спроведе постапката или ако за тоа постојат други важни причини за определување на друг стварно и месно надлежен суд.

.  Врховниот суд на Република Македонија, ценејќи ги наводите во предлогот, во смисла на  содржината на претходно цитираната одредба, оцени дека во конкретниов случај не е исполнет ниту еден од предвидените услови за определување на друг стварно и месно надлежен суд.

Имено, согласно член 6 од Законот за стечај ("Сл, весник на РМ" бр. 34/2006) во стечајната постапка месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на должникот. Еднаш заснована месна надлеженост на судот од денот на поднесување на предлогот за отварање стечајна постапка, не може да се измени без оглед на околностите на случајот.

Согласно член 56 од  Законот за парнична постапка, за судење во спорови што настануваат во текот и по повод судска или административна извршна постапка, односно во текот и по повод стечајна постапка, исклучиво месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа судот што ја спроведува извршната односно стечајната постапка, односно судот на чие подрачје се спроведува административното извршување.

Од цитираните одредби произлегува дека во стечајната постапка исклучиво месно надлежен е судот на чие подрачје се наоѓа седиштето на должникот, па бидејќи во случајов седиштето на должникот над кој е поведена претходна стечајна постапка е во К., не може да најде примена одредбата од член 61 од Законот за парнична постапка.

Со оглед на наведеното, следуваше да се одлучи како во изреката, а согласно член 61 од Законот за парнична постапка.

Решено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 15.11.2017 година, под Р.бр.130/2017.

Претседател на советот-судија
Киро Здравев  с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,